*- ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА –*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ПРИРОДАТА И ВОДИТЕ ЗА 2014.ГОДИНА

СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2015

***Вовед***

*Државниот Инспекторат за Животна Средина прави реформи за модернизација и зајакнување на капацитетите на инспекторатот, преку зголемување на одговорноста во акциите и ефикасност во превземените чекори, како и подобрување на контактите со јавноста.*

*Согласно европските трендови, посебно внимание се посветува на Интегрираната Процена на Влијанијата врз Животната Средина, Заштитата на Водите и Природата.*

*На полето на меѓународните активности, Инспекторатот беше посебно активен, со успешно и активно учество на повеќе настани во рамки на четирите мрежи на ЕУ-IMPEL (Мрежа за применливост на европското законодавство за животна средина), ECRAN (Регионална Мрежа за спроведување и прифатливост на животната средина и климатските промени на земјите идни членки на ЕУ), EU/GREENFORCE (Мрежа за спроведување на европското законодавство за заштита на природата), THEMIS (Мрежа за сузбивање на еколошкиот криминал и управување со шумите и заштитените подрачја) и INECE (Меѓународна Мрежа на специјалисти за спроведување и прифатливост на животната средина).*

*Во текот на 2014 година, Државниот Инспекторат за Животна Средина продолжи со спроведувањето на процесот на применливост на легислативата на Европската Комисија во легалниот код на Република Македонија, припремајќи ги вработените за членство во ЕУ преку процесот на преговори, а во согласност со Акционата програма за животна средина на ЕУ и Препораките на Европската Комисија за Минимум Критериуми за Инспекциите за животната средина и природа.*

## Карактеристика на активностите на ДИЖС и надлежност

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, Државниот Инспекторат за животна средина е орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, а согласно измените и дополнувањето на Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр.187/2013) членот 194 став (7), Државниот Инспекторат за животна средина има својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

Со Законот за животната средина се уредуваат начелата, надлежноста, организацијата на ДИЖС, како и постапките на инспекцискиот надзор. Цел на Законот е организирање на ефикасен систем на инспекциски надзор во областа на заштитата на животната средина. Работењето на Инспекторатот покрај со Законот за животната средина е дефинирана и регулирана и со Законот за заштита на природата (Државните Инспектори

за заштита на природата), Законот за Водите (Водостопансите Инспектори), како и триесетина други закони и повеќе од стотина подзаконски акти.

ДИЖС врши надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина и природата како што се:

- УСТАВ на РМ
- Закон за животната средина
- Закон за заштита на природата
- Закон за управување со отпадот
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување
- Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори
- Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух
- Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини
- Закон за водите
- Закон за заштита од штетна бучава во животната средина
- Закон за генетски модифицирани организми
- Закон за инспекциски надзор,

како и следните закони:

- Закон за заштита на потрошувачите
- Закон за хемикалии
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за минерални суровини

- Закон за општа управна постапка

- Закон за постапување по претставки и предлози

- Кривичен Законик

- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер и останати закони од областа на заштитата на природата за прогласување на локалитети за споменици на природата и прогласување на национални паркови во РМ.

Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (Национални Паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и др. заштитени со закон подрачја), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава во животна средина и заштита од нејонизирачки зрачења во заштитетни подрачја, превенција од еколошки инциденти.

Во текот на 2014 година беше извршен трет контролен управен надзор над работата на Инспекторатот од страна на Државниот Управен Инспекторат, а исто така беше извршена и ревизија од страна на Државниот Завод за Ревизија за областа воздух, како и надзор од одделението за Внатрешна ревизија при што добиена е позитивна оценка во делот на извршување и реализација на надзорите и посебно меѓународната соработка, со насоки за подобрување на спроведувањето на законодавството во иднина.

Главна активност на ДИЖС е да спроведе **проверки, истраги и ревизии на локациите**. Тие се три типа активности:

- **превентивни** (во процесот на одобрение на ИСКЗ-Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето, т.н Еколошки дозволи, авторизации, гранични вредности на емисии)
- **казнени** (наметнување казни, декомисионирање на операциите или активностите)
- **ремедијативни** (наметнување активности за ремедијација за елиминирање на недостатоците и нивните причини).

Одредени повреди на постоечката легислатива за животната средина се водени со **административните процедури** од ДИЖС. Тие се следните типови процедури:

- **казнена** (казни)

- **ремедијативна** (акции за ремедијација, отстапување/ка).

ДИЖС партиципира во решавање на еко-инциденти и нивна превенција, е вклучен во процесот на издавање/преговори за ИСКЗ дозволи (т.н интегрирани еколошки дозволи), во процесот на прифаќање на најдобро достапни техники, учествуваше со експертски мислења, ставови и извештаи за останати државни институции и други организации, остварува тесна соработка со Полицијата и Царината како и со другите партнер инспекторати на централно и локално ниво, обезбедува пристап на информациите за животната средина до јавноста, согласно законската рамка.

Во текот на 2014 година ДИЖС активно учествуваше во работата на Инспекцискиот Совет, посебно во делот на спроведувањето на новиот Закон за инспекциски надзор и подзаконските акти кои произлегоа од истиот, како и следење на состојбите со казнената политика и условите за работа на Инспекторатите.

На меѓународно ниво, ДИЖС соработуваше со други институции во областа на спроведувањето на легислативата за животната средина, како на пример учеството во ECRAN (Регионалната Мрежа за спроведување и прифаќање на легислативата за животната средина и климатските промени на земјите кандидати за членство во ЕУ и идни членки), IMPEL мрежата на Инспекторатите за животна средина на земјите членки на ЕУ, ЕУ-GREENFORCE Мрежата на Инспекторати за заштита на природата на земјите членки на ЕУ, THEMIS-Мрежата за сузбивање на еколошкиот криминал, управување на шумите и заштитените подрачја и INECE (Меѓународната Мрежа на експерти за спроведување и придржување кон начелата на животната средина и природата).

Во 2014 година реформите во ДИЖС продолжија, со зголемување на оперативната одговорност и квалитетот на услугите пружени на граѓаните, индустријата, невладиниот сектор, медиумите, потоа натамошното транспонирање на препораките на ЕК за минимум критериуми за работа на Инспекциите за животна средина и природа, направен е прогрес и подобрена е комуникацијата со граѓаните, се со цел правејќи ги активностите на ДИЖС повеќе разбирливи, потранспарентни и сеопфатни до јавноста.

***Интензитет на инспекциски активности во 2014 година***

ВКУПНО: Државниот Инспекторат за Животна Средина во текот на 2014.година постапи по 3.091 предмети и изготви вкупно 3.091 Записник за Констатација за истите со кои се констатираат одредени состојби при вршењето на непосреден инспекциски увид на лице место, во инспекциска постапка донесе вкупно 394 решенија од кои 366 решенија со кое се наредува односно 28 решенија со кои се забрануваат одредени активности на инспектираните субјекти, поднесени се 72 барања за поведување на прекршочна постапка. Покрај барањата за прекршочна постапка не се поднесени барања за поведување кривична постапка. Доставени се вкупно 141 известувања/барања до разни правни субјекти и физички лица. Изготвени се 614 заклучоци за запирање на постапка поради плаќање на надоместок.

| 2014 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| БР. НА НАДЗОРИ | РЕШЕНИЈА НАРЕДУВА | РЕШЕНИЈА ЗАБРАНУВА | ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА | КРИВИЧНА ПОСТАПКА | ИЗВЕСТУВ. | ЗАКЛУЧОЦИ |
| 3.091 | 366 | 28 | 72 | 0 | 141 | 614 |

Согласно повеќето закони, постапувањата во 2014 година се следни:

- Закон за управување со отпадот 1.096 надзори,
- Закон за животната средина, 1.102 надзори,
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување 864 надзори,
- Закон за води 154 надзори,
- Закон за заштита на природата 165 надзори,
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух 13 надзори,
- Закон за заштита од бучава емитирана во жив. средина 35 надзори,
- Други 4 надзори.




***Опис на инспекциските активности во текот на 2014 година***

- Државниот Инспекторат за животна средина одговори на повеќе претставки согласно Законот за претставки и предлози, доставени на различен начин од правни субјекти и физички лица, граѓански здруженија, а одговори и на три барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Трендот на инспекциите за животна средина во Европа и кај нас е да се делува превентивно, т.е да се намалува бројот на граѓански претставки, што во текот на 2014 година беше и случај, т.е забележано е драстично намалување на претставките на проблеми од локален карактер кои се во доменот на општините и генерално намалување на претставките од субјекти кои се под надзор на ДИЖС, т.е полека, но сигурно се зголемува процентот на реализација на планираните редовни превентивни инспекциски надзори.

- Предметите кои не се во надлежност на решавање на Државниот Инспекторат за животна средина (почеток на примена на одредбите од Законот за животната средина од бр.53/2005 од 1 септември 2005 година) се проследуваат до Општините и Овластените Инспектори за животна средина на локално ниво на нивно понатамошно решавање (досега од вкупно 80+1 општини околу, 50% од

општините имаат назначено Овластени Инспектори само за животна средина, а останатите општини имаат овластени инспектори за две и повеќе области или го користат принципот за меѓуопштинска соработка со еден овластен инспектор за повеќе општини). Соработката со истите е на задоволително ниво, се пружа поддршка и се вршат заеднички увиди кај правните субјекти. Во текот на 2014 година во заедничка соработка со ЗЕЛС се одржани повеќе состаноци и реализирани се неколку тематски обуки во делот на Елаборати за заштита на животната средина и ИСКЗ-Б Дозволите (т.н интегрирани еколошки дозволи) и постапките за вршење на инспекциски надзор, а одржани се и работилници со конкректни заклучоци во однос на евентуални проблеми и преклопувања помеѓу инспекциските служби на централно и локало ниво, како и водењето на управната постапка и постапување по Законот за претставки и предлози и Законот за инспекциски надзор.

- Коректната соработка ќе продолжи и во текот на 2015 година во повеќе насоки, заеднички инспекции, обуки, реализација на проекти итн. Во текот на 2014 година ДИЖС изврши административен надзор над работата на дел од Овластените Инспектори за животна средина како дел од тимот на Министерството за животна средина и просторно планирање при што беа пополнети т.н Листи за проверка со кој на унифициран примерок се утврди моментната состојба со законските надлежности на општинските сектори за животна средина, локалните инспектори, степенот на реализација, нивото на обученост, бројната состојба и др. параметри. Инспекцискиот надзор беше извршен во неколку општини, а извештаите од надзорите на тимот на МЖСПП се објавени на Интернет страната на министерството.

- Во текот на 2014 година се вршеше редовно обновување на содржините на Интернет страната, т.е линкот за Државниот Инспекторат за животна средина при што беа редовно поместувани месечните извештаи за работата на Државниот Инспекторат за животна средина како и информации за ред други активности, се со цел комплетна транспарентност со граѓаните и правните субјекти, а согласно духот на Архуската Конвенција и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

- Државниот Инспекторат за животна средина врши редовни инспекциски увиди во објектите кои се идентификувани како А – ИСКЗ, Интегрирано спречување и контрола на загадувањето) инсталации низ целата територија на РМ. Следејќи ја систематизацијата, Државните Инспектори за животна средина интерно се поделени по општини и А-ИСКЗ инсталации, така што секој од инспекторите има по апроксимативно идентичен број на општини и инсталации како обврска за вршење надзор, а исто така ДИЖС врши надзор

согласно Уредбата за Елаборати за заштита на животната средина (Сл. Весник на РМ бр.36/2012);

- Државниот Инспекторат за животна средина во 2014 година одржа повеќе редовни Колегиуми на кои се распраавше за реализација на плановите и активностите. Исто така во ДИЖС изготви Листи за проверка кој се составен дел на секој инспекциски увид и мошне корисна алатка при вршењето надзор. Развиени се Листи за проверка за складови за секударна суровина, цементна индустрија, рафинерии, минерална индустрија, депонии, јавни комунални препријатија и др. фирми кои вршат транспорт на неопасен отпад, проверка на општини, отпадни масла, Полихлорбифенилни-ПХБ масла, а за прв пат е креирана и листа за проверка и инвенторизација на хемикалиите и отпадните пестициди во нашата држава, како и листи за надзор во заштитетни подрачја и областа на заштитата на водите;

- ДИЖС во соработка со ЗЕЛС координираше со дел од активностите на неформална мрежа за размена на информации и координација помеѓу инспекторите за животна средина на централно и локално ниво и истата е воспоставена и одржа неколку средби, а оваа мрежа ќе биде од огромна полза во делот на спроведувањето на законодавството од предметната област и посебно во делот на едукацијата и надградувањето на знаењата на инспекторите;

- ДИЖС зема активно учество во работата на Националниот Координативен Центар за Гранично Управување-НКЦГУ;

- Преку повеќе Државни Инспектори за животна средина, инспекторатот учествуваше на симулациски вежби во организација на Центарот за Управување со Кризи и Министерството за одбрана, НАТО и животна средина);

- Учество се бележи и во рамките на работата на Националниот Комитет за управување со отпад со повеќе состаноци на кои беа припремени извештаи за постапувањето на инспекторатот согласно законските одредби од областа на управувањето со отпадот. Засилена е комуникацијата со Групацијата за Секундарна Суровина при Стопанската Комора на РМ, а во текот на целата 2014 година беа извршени засилени инспекциски увиди координирани преку Државниот Инспекторат за животна средина како Координатор на Координативното Тело во кое членуваат повеќе инспекторати и институции за постапувањето по Законот за Управување со отпадот, а беа контролирани депонии, складови за секундарни суровини, во однос на спроведувањето на законската регулатива (дозволи за складирање, третман и преработка,

транспорт и трговија со неопасен отпад), комунални претпријатија, индустрија за индустриски отпад итн..

- Во текот на 2014 година, ДИЖС учествуваше на повеќе TAIEX настани организирани од страна на министерството.

- Во текот на целата година ДИЖС вршеше засилен надзор во ИСКЗ инсталациите во РМ, асфалтните бази и некогашни фабрики кои се соочуваат со проблеми со индустриско загадување и опасен отпад, а беа извршени и засилени вонредни надзори во текот на месец декември во однос на загадувањето со суспендирани честички на воздухот на главниот град Скопје.

- Инспекторатот во текот на минатата година изврши повеќе вонредни надзори и изготви повеќе Информации согласно задолженија од новоформораниот Комитет за здравје и животна средина, како и по задолженија на Инспекцискиот совет во објекти автомеханичарски работилници и согласно Законот за водите за црпење песок и минерални суровини, како и останати објекти кои се под надлежност на ЕЛС, но по заклучок на Владата на РМ беа инспектирани заеднички со локалните инспектори.

- Инспекторатот е дел од Инспекцискиот Совет, беше направен и почетен извештај за состојбата со инспекторатите, проблеми, недостатоци, добри страни итн, кои согласно информацијата проследена до Владата беа предмет на работа во текот на 2014 година.

- Продолжи успешната соработка со колегите од Државниот Управен Инспекторат во насока на подобрување на ефикасно водење на инспекциската постапка, беше одржана и заедничка работилница со ДУИ и ИС.

- Инспекторатот партиципираше на повеќе Седници на Владата на Република Македонија, на кои Директорот брифираше за различни задолженија по одредени заклучоци, состојби во инспекторатот, месечни и годишни извештаи за работата на инспекторатот, изречени мерки против одредени прекршители и др.;

- Во рамките на редовната комуникација со медиумите Директорот на ДИЖС учествуваше на повеќе Пресс-Конференции одржани со различна тематика и даде неколку интервјуа и повеќе изјави за електронски и печатени медиуми од земјата, а исто така ДИЖС преку Инспектори учествуваше со интервјуа во емисии во живо, снимени прилози итн.;

## УЧЕСТВО НА НАСТАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА МЕЃУНАРОДНО НИВО НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА-2014

Во текот на 2014 година претставници на Државниот Инспекторат за животна средина учествуваа на различни настани организирани од Мрежите ЕУ-IMPEL (Имплементација на законите од животната средина, Мрежа на Инспекторати за животна средина на земјите членки на ЕУ и кандидат држави), потоа ECRAN (Регионална Мрежа на Инспекторати за животна средина и климатски промени на земји идни кандидати, Мрежа за спроведување и прифатливост на животната средина), GREENFORCE (Мрежа на Инспекторатите за заштита на природата на земјите членки на ЕУ и кандидат држави), THEMIS-Мрежата за сузбивање на еколошки криминал, управување со шумите и заштитени подрачја, INECE (Меѓународната Мрежа на специјалисти за спроведување и прифатливост на животната средина), како и TAIEX-Алатката за Стручна Помош на ЕУ.

ДИЖС редовно брифира за своите активности до Подкомитетот за животна средина на Генералниот Директорат за проширување и Животна средина во рамки на ЕУ во Брисел.

Реализирани се следните активности:

**Во текот на месец Јануари, ДИЖС учестуваше на:**

- Работен состанок на Управувачкиот комитет од Пилот проектот за Локален развој за регионот Дебар и Река во Министерство за Култура,на 09.01.2014 год

-Учество на состанок во Стопанска Комора на ЗКП за Методологија за собирање и транспорт на комунален отпад и состанок на Здружени на ЈКП во Стопанска Комора за Методологија на цени, на 23.01.2014 год.

-Работен состанок на Природно математички факултет во врска со одбележувањето на денот на водните станишта – Рамсарски Комитет на 27.01.2014.

**Во текот на месец Февруари, ДИЖС учестуваше на :**

-Подкомитет за животна средина, транспорт, енергетика и регионален развој, шетсмесечен извештај.

**Во текот на месец Март, ДИЖС учестуваше на следниот настан:**

- Работилница во х. Континентал, Скопје од Проектот Симулација на Преговори Поглавје 27 Животна средина (25-26.03.2014)

- Учество на Презентација за Твининг Искуства во СЕП 27.03.2014 год.

**Во текот на месец Април, ДИЖС учествуаше на следните настани:**

- Состанок во Министерство за култура во врска со проектот Развој на општините преку култура - Дебар и Река на 30.04.2014 год.
- Учество во евалуација за ИПА Твининг Проект во ЕУ Делегација во Скопје, во својство на евалуатор (02-03-04.04.2014)
- Учество на состанок бр.2 за ЛЕАП-2 за О. Г. Баба, 07.04.2014
- ЕУ Делегација на Евалуација за ИПА проектот за Инспекција ( 9-25.04.2014)

**Во текот на месец Мај, ДИЖС учествуаше на:**

- Состаноци за трансформација на Инспекторатите во Влада на РМ со Инспекцискиот Совет на 15 и 30.05.2014 год .
- Состанок со експерти за Техничка спецификација за проектот за набавка на опрема за ДИЖС на 27.05.2014 год.
- Состанок на ИМПЕЛ мрежата во Брисел од 06-08.05.2014год. и ЕЦРАН во Загреб од 19-22.05.2014 год.

**Во текот на месец Јуни, ДИЖС учествуаше на:**

- Состаноци со Инспекциски Совет во Влада на РМ, 02 и 04.06.2014година.
- Состанок со Северна Ирска, преставници за отпад-животна средина и Агенција за животна средина на 03.06.2014.
- Конференција за Прекуграничен Транспорт на отпад во Осло Норвешка од 10 до 14 јуни.

**Во текот на месец Јули, ДИЖС учествуаше на:**

- Состаноци со РТА од проектот и припрема на Драфт План во врска со Твининг ИПА Проектот за ДИЖС (1-4.07.2014),
- Состанок за проект во врска со криминал во животната средина (17.07.2014)

**Во текот на месец Септември ДИЖС учествуваше**:

- Во тимот на Зелен IRI Стручен Извешртај-Контрола, IMPEL на Романската Инспекција за природа, Тулча, Букурешт од 1-5.09.2014 година,
- Работилница од Мрежа TAIEX-ECRAN за Инспекциски надзор во Индустрија (10-12.09.2014 година, Х.Арка и посета на Пивара Скопје)
- Состанок на РГ за квалитет на воздух во МЖСПП (15.09.2014 година).

**Во текот на месец октомври ДИЖС учествуваше на следните настани:**

- Учество на состанок за Извештај за прогрес на РМ-27 Животна средина (13.10.2014)
- Учество на Обука за Слободен пристап на информации од јавен карактер (30.10.2014).

**Во текот на месец ноември ДИЖС учествуваше на:**

- Учество на работилницата организирана од страна на EnvCRIME Net-Мрежа за Криминал на животна средина ЕУПОЛ (18-21.11.2014) во Хаг, Холандија.

**Во текот на месец декември ДИЖС учествуваше на:**

- Учество на еднодневна работилница за спроведување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување во Виница 12.12,
- Работилница за птици и ветерни електрани во Хотел Порта, Скопје 12.12, 2014 год.
- Завршен состанок на Канцеларијата за POPs ТЦЦ Плаза, Скопје 24.12 .2014 год.
- Втор Состанок на Проектот за преговори со ЕУ–симулација со Амбасадата на Велика Британија 10.12 .2014 год во Хотел Континентал, Скопје.

Сето претходно изнесено, како и одобрениот Проект за зајакнување на капацитетите на Инспекторатот од Програмата за предпристапно членство IPA Оперативната Програма на ЕУ (Прв Инспекторат од државата кој има одобрување на IPA Проект во вкупна вредност од 1 милион евра, почеток 12 јануари 2015 година), му дава една нова димензија на работењето на Инспекторатот за животна средина, а во тек се и други активности се со цел успешно спроведување на законодавството за животна средина и природата и подобрување на перформансите и капацитетите на инспекторатот.

## РЕЗИМЕ И ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2015 ГОДИНА:

Сите обврски што ги превзема Република Македонија во своите идни активности насочени кон приближување кон ЕУ бараат ефикасна применливост, мониторинг и спроведување на законската регулатива за животната средина и природата, која за жал и согласно Извештајот за Прогресот на Република Македонија во Поглавјето 27-Животна Средина во 2014 година не беше на завидно ниво.

Системот за инспекција и спроведување во Република Македонија се соочува со комплексна задача за подобрување на применливоста и спроведувањето на законската регулатива, паралелно со ревизијата што се врши на националното законодавство, односно законите и подзаконските акти. Многу е важно, процесот на приближување кон ЕУ да се разбере и да се респектира не само од претставниците на централната власт, туку и посебно кај кадарот на локално ниво. Искуствата од поранешните земји кандидатки сегашни членки на ЕУ покажува дека оваа задача не смее да се потценува, бидејќи тоа може да доведе до значителни доцнења во реалното напредување кон пристапувањето кон ЕУ, а кон целосна реализација на активностите треба да се премине со регионален принцип на решавање на проблемите.

Впрочем, зајакнувањето на капацитетите на инспекцијата за животна средина и природа е секогаш нагласено во заклучоците во сите досегашни извештаи што РМ ги доби во Поглавјето за Животна средина од страна на Европската Комисија.

ДИЖС и во текот на 2015 година ќе продолжи со мошне транспарентната работа и соработка со граѓаните, индустријата и граѓанските здруженија итн., ќе го воведува постепено системот за Е-Инспекторат за животна средина и интероперабилност: електронско водење на сите акти, редовните објави на сите извештаи-месечни, годишни и др. активности на официјалната Интернет страна на Инспекторатот (www.sei.gov.mk), како и со нагласено активно учество во повеќе меѓународни проекти преку студиски патувања, тренинзи, работилници, семинари, конференции, пленарни состаноци во рамките на инспекциските мрежи на ЕУ, а посебен акцент ќе биде ставен на заштитата на природата како и дообучување и обучување на инспекциските служби за животна средина на централно и локално ниво и соработката со партнер инспекторатите од регионот и ЕУ и инспекторатите од другите органи при Владата на РМ, останатите релевантни институции како Полиција, Царина, Центарот за Управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување итн.

Изработил во име на ДИЖС:
Дарко Блинков

**ДИРЕКТОР**
**Фирус МЕМЕД**